Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-138/3
05.08.2021
Скопје

До
[redacted]
ул. „[redacted] Скопје

Од
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
бул. Даме Груев бр. 1, 1000 Скопје

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани, на 28.06.2021 година до Комисијата за заштита од дискриминација од Ваша страна е доставена претставка, заведена под бр. 0801-138/1 поднесена против Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија со седиште на ул. „Лазар Личеноски“ бр. 31, 1000 Скопје.

После разгледувањето на вашата претставка и списите од вашиот предмет ве информираме дека **постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Имено, подносителот на претставката во содржината бара Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да преземе соодветни законски мерки во однос на повреда на основните човекови права и граѓански слободи како и правата од работниот однос. Во претставката подносителот наведува дека неговиот работен однос во горенаведеното претпријатие во својство на **советник** бил незаконски прекинат преку дисциплинска постапка поведена од Директорот на претпријатието Зоран Исајловски. Врз основа на ова, подносителот на претставката поднел барање за поведување на постапка до Државниот инспекторат за труд – Подрачје Скопје. Инспекторатот по неговото постапување донел Решение заведено под број 09-302 од 16.06.2020 година со кое се утврдува дека престанокот на работниот однос на [redacted] кое бил на работно место Советник е спротивно на Законот за работни односи и со тоа се задолжил Директорот на претпријатието да го поништи решението и да го врати [redacted] на работа. Со решението, инспекторатот утврдува погрешна примена на правото, отсуство на законски основ и одлучување на Управниот одбор на претпријатието во неполн состав. Врз основа на ова решение, претпријатието поднело жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка која ја уважила жалбата и ја вратиле постапката повторно во прв степен врз основа на фактот што било потребно да се утврди во која група и подгрупа на работни места спаѓа [redacted]. По повторното постапување на Државниот инспекторат за труд, било утврдено дека постапката за престанок на работниот однос е водена спротивно на Законот, решението за престанок на работниот однос нема законски основ, Управниот одбор одлучувал во неполн состав и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работите и работните задачи на Јавното претпријатие не предвидува група и подгрупа на работните места предвидени со Законот за јавните претпријатија и Законот за вработените во јавниот сектор. Врз основа на ова Решение заведено под број 09-502 од 30.12.2020 година, се задолжува Директорот на претпријатието да го поништи решението за престанок на работниот однос на [redacted] а со тоа [redacted] да се врати на работното место.

Дополнително, подносителот на претставката произнесе наводи за неисплатени побарувања кон него од страна на ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на РСМ – Скопје врз основ на неисплатени нето плати, придонеси од плати за пензиско и инвалидско осигурување и неисплатени 4 судски извршни решенија. Врз основ на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е надлежна за спроведување на судски решенија и други акти усвоени од страна на институции.

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата нема надлежност да постапува и мериоторно да одлучува за професионалната етика на адвокатите и нивното постапување.

Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.

Заради сето наведено ве известуваме дека а претставката бр. 0801-138/1, поднесена на 28.06.2021 од ваша страна против Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, **СЕ ОТФРЛА заради ненадлежност за постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.** Следствено, подносителот прави веројатно дека во голем дел постојат индиции за кривична одговорност согласно Кривичниот законик.

Врз основа на фактолошката состојба утврдена врз приложените докази во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација предлага на подносителот на претставката да поведе соодветни судски постапки согласно Законот, особено во делот на злоупотреба на службената положба и непостапувањето во поглед на спроведување на акт на надлежен орган.

**Изготвил:**

Исмаил Камбери – Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Комисија за спречување и заштита од дикриминација

Претседателка
Весна Бендевска